**Здружение на финансиски работници**
**на локалните самоуправи и јавните претпријатија**
**Association of finance officers**
**of the local governments and public enterprises**

Број: 0302-527
26.12.2019 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии /
Сметководство / Ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија почитувајќи ги барањата на своите членови и следејќи долгогодишната традиција, со задоволство Ве поканува на работилницата на тема:

**„Изготвување на финансиските извештаи/завршната сметка за 2019 година кај буџетите, буџетските корисници, единките корисници, јавните установи, јавните здравствени установи, акционерски друштва и јавните претпријатија"**

која ќе се одржи во: **"Interhotel Sandanski", Сандански, Република Бугарија, во периодот од 29.01.2020 година до 01.02.2020 година (**https://www.interhotelsandanski.bg**).** Поаѓањето за Сандански е на 29 Јануари 2020 година: од **Скопје** (пред Хотел ВИП - спроти поранешниот Скопски Саем) во 11.00 часот. Деталите за поаѓањето од другите попатни станици дополнително ќе бидат објавени/соопштени.

Работилницата претставува континуитет на долгогодишната традиција на организирање работилници посветени на изговувањето на финансиските/завршната сметка, а воедно и продолжување на практиката за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините.

Обезбедените квалитетни експерти-практичари со долгогодишно искуство во областите наведени во агендата, подготвените материјали за работилница и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа да веруваме дека ќе имаме успешна презентација на предвидените теми. Како и секогаш, оставаме простор и за ваши прашања и одговори, кои ќе ги разрешат сите дилеми и ќе осигураат ваше правилно постапување.

Искористете ја можноста за само **5.500,00 денари (со вклучен ДДВ)** по учесник да обезбедите присуство на работилницата, работни материјали и кафе пауза.

Транспортот и сместувањето се на товар на учесниците. **Надоместот по учесник за пакет услугата** кој опфаќа: автобуски транспорт, патничкото осигурување и сместувањето на база на полн пансион во двокреветна соба во **"Interhotel Sandanski", Сандански, Република Бугарија,** со вклучени кафе паузи **изнесува 13.700 денари со вклучен ДДВ,** а доплатата за еднокреветна соба **изнесува 3.100 денари со вклучен ДДВ.**

За обезбедување сместување во хотел **"Interhotel Sandanski"** Ве молиме да извршите резервација во **Vardar Ekspres Travel Skopje,** на телефонските броеви: **02/3118263 и 072/666909,** како и на емаил: dance@vardarexpress.com и info@vardarexpress.com најдоцна до 20 Јануари 2020 година.

За сите пријавени за работилницата и за користењето на пакет услугата од Туристичката агенција „Вардар Експрес" задолжителна е котизацијата за работните материјали и за учеството на работилницата, која можете да ја уплатите на:

**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

додека надоместот за пакет услугата: автобуски превоз, патничко осигурување и сместување можете да го уплатите на:

**Vardar Ekspres Travel Skopje**
**Сметка 300000003590006 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4080012531328**

Поради големиот интерес за работилницата, а во функција на нејзиното добро организирање, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk и kontakt_zfr@yahoo.com. Формуларот Пријава за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна www.zfr.org.mk и на Facebook Fan Page на Здружението. За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, 070/265-401 или на наведените емаил адреси.

Учесниците на работилницата за подготвување на финансиски извештаи за 2019 година кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ согласно со темите и времетраењето на истите опфатени со Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски